# Службен гласник на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 8
14 јули 2015 година

Година LII


## С О Д Р Ж И Н А

Р. бр. страна


358. Решение за објавување на Одлука за изработка на техничка документација за инфраструктурни проекти во рурални населени места во Општина Штип 461
359. Одлука за изработка на техничка документација за инфраструктурни проекти во рурални населени места во Општина Штип 461
360. Решение за објавување на Одлука за давање на користење на недвижен имот на МЗ Врсаково 462
361. Одлука за давање на користење на недвижен имот на МЗ Врсаково 462
362. Решение за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип 463
363. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип 464
364. Решение за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Штип за 2015 година 465
365. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Штип за 2015 година 465
366. Решение за објавување на Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број 466

| | | |
|---|---|---|
| | на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Тошо Арсов“-Штип во учебната 2015/2016 година | |
| 367. | Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Тошо Арсов“-Штип во учебната 2015/2016 година | 467 |
| 368. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Славејко Арсов“-Штип во учебната 2015/2016 година | 468 |
| 369. | Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Славејко Арсов“-Штип во учебната 2015/2016 година | 469 |
| 370. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и комбинирана паралелка на турски јазик во ООУ „Гоце Делчев“-Штип во учебната 2015/2016 година | 469 |
| 371. | Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и комбинирана паралелка на турски јазик во ООУ „Гоце Делчев“-Штип во учебната 2015/2016 година | 470 |
| 372. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Ванчо Прке“-Штип во учебната 2015/2016 година | 471 |
| 373. | Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Ванчо Прке“-Штип во учебната 2015/2016 година | 471 |
| 374. | Решение за објавување на Програма за дополнување на Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2015 година | 472 |
| 375. | Програма за дополнување на Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2015 година | 473 |
| 376. | Решение за објавување на Програма за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2015 година | 474 |
| 377. | Програма за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2015 година | 474 |
| 378. | Решение за објавување на Одлука за дополнување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти | 475 |

| | | |
|---|---|---|
| 379. | Одлука за дополнување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти | 476 |
| 380. | Правилник за доделување јубилејна награда на вработени во општинската администрација | 477 |

358.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗРАБОТКА НА
ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ
ВО РУРАЛНИ НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за изработка на техничка документација за инфраструктурни проекти во рурални населени места во Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-5951/2 Општина Штип
14 јули 2015 година Градоначалник
Ш т и п прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

359.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јули 2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
ЗА ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ ВО РУРАЛНИ
НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за изработка на техничка документација за инфраструктурни проекти во рурални населени места во Општина Штип.

Член 2

Општина Штип ќе изработи техничка документација за инфраструктурните проекти во следните рурални населени места:

- Улица во с. Пиперово;
- Пристапен пат во с. Драгоево до манастир Св. Спас;
- Реконструкција на водовод во с. Криви дол;
- Реконструкција на водовод во с. Љуботен;
- Пристапен пат до црква во с. Шашаварлија.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-5951/1
10 јули 2015 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Влатко Миташев, с. р.

360.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ НА МЗ ВРСАКОВО

I

Се објавува Одлуката за давање на користење на недвижен имот на МЗ Врсаково.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-5952/2
14 јули 2015 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

361.

Врз основа на член 21 став 1 точка 25 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08,

07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јули 2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА
НЕДВИЖЕН ИМОТ НА МЗ ВРСАКОВО

Член 1

Со оваа Одлука се дава на користење недвижен имот - објект на поранешна училишна зграда (неактивен) и двор, сопственост на Општина Штип, КП број 337/1 за КО Врсаково, евидентиран во Имотен лист број 64.

Член 2

Недвижниот имот од член 1 од оваа Одлука се дава на користење без надомест на месната заедница Врсаково за период од 5 години.

Член 3

Месната заедница ќе го користи недвижниот имот како работен простор во кој ќе се одржуваат состаноци на месната заедница.

Недвижниот имот од член 1 на оваа Одлука, месната заедница Врсаково ќе го користи како добар домаќин, со крајно рационално користење на електрична енергија. Сметката за потрошена електрична енергија ќе ја подмирува Општина Штип во висина до 1.000,00 денари, остатокот месната заедница Врсаково од сопствени средства.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-5952/1 — Совет на Општина Штип
10 јули 2015 година — Претседател
Ш т и п — Влатко Миташев, с. р.

362.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И
ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА

ЈАВНИОТ ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ГРАД ШТИП

I

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-5953/2 — Општина Штип
14 јули 2015 година — Градоначалник
Ш т и п — прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

363.

Врз основа на член 96 став 2 од Одлуката за комунален ред на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 16/13) и член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јули 2015 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ШТИП

### Член 1

Во Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 11/10, 01/13, 08/14, 10/14, 05/15 и 07/15), во табелата во член 4 точка 9 се менува и гласи:

| *Ред. број* | *Потег* | *Вид на паркирање* | *Број на паркинг места* |
|---|---|---|---|
| 9 | Улица Маршал Тито (од мост кај Стопанска банка-до Камен мост) | Надолжно – улично (лево покрај кејот) | 15 |
| | | Надолжно – улично (десно пред зградата) | 10 |

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-5953/1 Совет на Општина Штип
10 јули 2015 година Претседател
Ш т и п Влатко Миташев, с. р.

364.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2015 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Штип за 2015 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-5954/2 Општина Штип
14 јули 2015 година Градоначалник
Ш т и п прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

365.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), а во врска со член 34 став 4 и 5 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ број 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11 и 171/12), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јули 2015 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2015 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Штип за 2015 година на следниот начин:

| Потпрограма и назив на потпрограмата<br>Поставка и опис на потставката | буџет | самоф. | дотации | донации | кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **D00 ГРАДОНАЧАЛНИК** | | | | | |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 0 | 372.000 | 0 |
| **Е00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 427110 Привремени вработувања | 3.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | -1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **FA0 УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)** | | | | | |
| 482130 Реконструкција на улици, патишта и автопати | 14.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **G10 ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | | |
| 464990 Други трансфери | -2.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JD0 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | | | | | |
| 482130 Реконструкција на улици, патишта и автопати | -14.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **К40 КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО** | | | | | |
| 464990 Други трансфери | 0 | 0 | 0 | -372.000 | 0 |
| | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“ и станува составен дел на Буџетот на општината за 2015 година.

Број 08-5954/1
10 јули 2015 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Влатко Миташев, с. р.

366.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина

Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛ БРОЈ НА УЧЕНИЦИ
И КОМБИНИРАНИ ПАРАЛЕЛКИ ВО ООУ „ТОШО АРСОВ“-ШТИП
ВО УЧЕБНАТА 2015/2016 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Тошо Арсов“-Штип во учебната 2015/2016 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-5955/2 Општина Штип
14 јули 2015 година Градоначалник
Ш т и п прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

367.

Врз основа на член 41 став 5 и 7 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ број 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15 и 98/15) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јули 2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ
НА ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛ БРОЈ НА УЧЕНИЦИ И
КОМБИНИРАНИ ПАРАЛЕЛКИ ВО ООУ „ТОШО АРСОВ“-ШТИП
ВО УЧЕБНАТА 2015/2016 ГОДИНА

Член 1

Се дава согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Тошо Арсов“-Штип во учебната 2015/2016 година, и тоа:

- Во Централното училиште три паралелки во прво одделение и една паралалке во седмо одделение со помал број на ученици.
- Во подрачното училиште во населба Македонка една паралелка во прво одделение со помал број на ученици и една комбинирана паралелка од второ и трето одделение.
- Во подрачното училиште во село Чардаклија една комбинирана паралелка од прво, второ, трето и четврто одделение.
- Во подрачното училиште во село Почивало една комбинирана паралелка од прво, трето, четврто и петто одделение.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-5955/1 — Совет на Општина Штип
10 јули 2015 година — Претседател
Ш т и п — Влатко Миташев, с. р.

368.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛ БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ВО ООУ „СЛАВЕЈКО АРСОВ“-ШТИП ВО УЧЕБНАТА 2015/2016 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Славејко Арсов“-Штип во учебната 2015/2016 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-5956/2 — Општина Штип
14 јули 2015 година — Градоначалник
Ш т и п — прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

369.

Врз основа на член 41 став 5 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ број 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15 и 98/15) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јули 2015 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛ БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ВО ООУ„СЛАВЕЈКО АРСОВ“-ШТИП ВО УЧЕБНАТА 2015/2016 ГОДИНА

Член 1

Се дава согласност за формирање на три паралелки во прво одделение со помал број на ученици во ООУ „Славејко Арсов“-Штип во учебната 2015/16 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-5956/1
10 јули 2015 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Влатко Миташев, с. р.

370.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛ БРОЈ НА УЧЕНИЦИ И КОМБИНИРАНА ПАРАЛЕЛКА НА ТУРСКИ ЈАЗИК ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП ВО УЧЕБНАТА 2015/2016 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и комбинирана паралелка на турски јазик во ООУ „Гоце Делчев“-Штип во учебната 2015/2016 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-5957/2 Општина Штип
14 јули 2015 година Градоначалник
Ш т и п прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

371.

Врз основа на член 41 став 5 и 7 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ број 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15 и 98/15) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јули 2015 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛ БРОЈ НА УЧЕНИЦИ И КОМБИНИРАНА ПАРАЛЕЛКА НА ТУРСКИ ЈАЗИК ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП ВО УЧЕБНАТА 2015/2016 ГОДИНА

Член 1

Се дава согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и комбинирана паралелка на турски јазик во ООУ „Гоце Делчев“-Штип во учебната 2015/2016 година, и тоа:

- Во Централното училиште една паралелка во прво одделение со помал број на ученици.
- Во подрачното училиште во населба Три Чешми една паралелка во прво одделение со помал број на ученици.
- Во подрачното училиште во село Шашаварлија една комбинирана паралелка на турски јазик од прво, второ, трето и петто одделение.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-5957/1 Совет на Општина Штип
10 јули 2015 година Претседател
Ш т и п Влатко Миташев, с. р.

372.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛ БРОЈ
НА УЧЕНИЦИ ВО ООУ „ВАНЧО ПРКЕ“-ШТИП ВО УЧЕБНАТА
2015/2016 ГОДИНА

I

Се објавува Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Ванчо Прке“-Штип во учебната 2015/2016 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-5958/2 Општина Штип
14 јули 2015 година Градоначалник
Ш т и п прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

373.

Врз основа на член 41 став 5 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ број 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15 и 98/15) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јули 2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПАРАЛЕЛКИ
СО ПОМАЛ БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ВО ООУ„ВАНЧО ПРКЕ“-ШТИП
ВО УЧЕБНАТА 2015/2016 ГОДИНА

Член 1

Се дава согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Ванчо Прке“-Штип во учебната 2015/16 година, и тоа:

- Во Централното училиште шест паралелки во прво одделение со помал број на ученици.
- Во подрачното училиште во Ново Село една паралелка во прво одделение со помал број на ученици.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-5958/1 Совет на Општина Штип
10 јули 2015 година Претседател
Ш т и п Влатко Миташев, с. р.

374.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2015 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за дополнување на Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2015 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-5959/2 Општина Штип
14 јули 2015 година Градоначалник
Ш т и п прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

375.

Врз основа на член 84 став 1, 2 и 4 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ број 17/11, 53/11, 144/12, 25/13, 137/13, 163/13 и 44/15) и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јули 2015 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ
НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА
ОПШТИНА ШТИП ЗА 2015 ГОДИНА

I

Во Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2015 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 13/14, 06/175 и 07/15), во глава **7. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА,** во точката **7.2. Работи поврзани со уредување на градежно земјиште и реконструкција на улици** на потточка **7.2.1. Улици** во број 14 Асфалтирање на улици, се додаваат 4 нови улици:

- ул. Рибник (крак од Физикална терапија до гробишта )
- ул. Каваклија (дел)
- ул. Борис Крајгер (од ТЦ Елкос до спортската сала)
- ул. Енгелсова

После број 14 се додаваат нови броеви:

15. Изградба на дел од улица во населба Железничка (долна)
16. Изградба на пат од Градските гробишта до Новакова чешма
17. Изградба на ул. 8-ми април (дел)
18. Изградба на ул. Кирчо Димитров (дел)
19. Изградба на ул. Пустец (дел)
20. Изградба на ул. Драмска
21. Изградба на ул. Зрново (дел)
22. Изградба на ул. Серска (дел)
23. Изградба, реконструкција и асфалтирање и на други улици по предлог на урбаните заедници, доколку општината обезбеди финансиски средства.

II

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-5959/1
10 јули 2015 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Влатко Миташев, с. р.

376.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА
НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2015 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2015 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 09-5960/2 | Општина Штип |
| 14 јули 2015 година | Градоначалник |
| Ш т и п | прим. м-р Илчо Захариев, с. р. |

377.

Врз основа на член 41 став 4 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ” број 17/11, 53/11, 144/12, 25/13, 137/13, 163/13 и 44/15), член 3 од Одлуката за утврдување на потребата за поставување урбана опрема на територијата на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 08/11) и член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седница одржана на 10 јули 2015 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈАТА
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2015 ГОДИНА

Во Програмата за поставување урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2014 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/15, 04/15 и 05/15), на страна 10 во табелата во точката 10 се менува и гласи:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | УО 34 Штип<br>УО 47 Штип | дел од КП 6774/1<br>(на п=15м$^2$) | Улица Христијан Карпош спроти Здравен дом | 2 | 18 | Киоск за весници или храна |

На страна 10 во табелата се додаваат 4 нови точки 15, 16, 17, 18 и 19 кои гласат:

| р.б. | Нумерација на објектите | Катастарска парцела (КП) | местоположба, улица и број | број на модули | вкупна површи-на во м$^2$ | тип и намена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 15 | УО 39 Штип<br>УО 40 Штип<br>УО 41 Штип<br>УО 42 Штип | дел од<br>КП 3050/1<br>КО Штип 3 | улица Сремски фронт (земјена површина спроти Ицо Брицо) | 4 | 36 | киоск за весници или храна |
| 16 | УО 43 Штип<br>УО 44 Штип<br>УО 45 Штип | дел од<br>КП 3050/1<br>КО Штип 3 | улица Сремски фронт (земјена површина спроти Нада Меркур) | 3 | 27 | киоск за весници или храна |
| 17 | УО 46 Штип | дел од КП<br>10265/1<br>КО Штип 5 | улица Трајко Кошевски (пред СОУ „Јане Сандански“ | 1 | 9 | киоск за весници или храна |
| 18 | УО 48 Штип<br>УО 49 Штип<br>УО 50 Штип<br>УО 51 Штип<br>УО 52 Штип | дел од<br>КП 8620<br>КО Штип 5 | улица Борко Талев (до фискултурната сала на ООУ „Ванчо Прке“ | 5 | 45 | киоск за весници или храна |
| 19 | УО 53 Штип | дел од<br>КП 4361/1<br>КО Штип 3 | улица Булевар ЈНА (пред зграда со број 18) | 1 | 9 | киоск за весници или храна |

Со влегување во сила на оваа Програма престанува да важи Програмата за измена и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2014 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 06/15).

Број 08-5960/1
10 јули 2015 година
Ш т и п

Совет на Општината Штип
Претседател
Влатко Миташев, с. р.

378.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ

I

Се објавува Одлуката за дополнување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-5961/2
14 јули 2015 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

379.

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на РМ” број 62/04, 89/08, 115/10, 53/11 и 141/12) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јули 2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ

Член 1

Во членот 1 од Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти („Службен гласник на Општина Штип“ број 10/12) се додава нова точка која гласи:

- „ Summer beach festival” (три дена).

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-5961/1 Совет на Општина Штип
10 јули 2015 година Претседател
Ш т и п Влатко Миташев, с. р.

380.

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02 и член 36 став 1 алинеја 9 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14) и член 80 од Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија („Службен весник на РМ“ број 53/95, 11/98 и 28/09), градоначалникот на Општина Штип донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА НА ВРАБОТЕНИ ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

### Член 1

Со овој правилник се определуваат условите, критериумите и постапката за доделување на јубилејна награда на вработените во општинската администрација.

### Член 2

Јубилејна награда на Општинската администрација се доделува по повод денот на ослободувањето на градот „8-ми ноември“.

### Член 3

Јубилејната награда се доделува за 10, 20, 30 и 40 години непрекината работа на вработен во Општина Штип, кој заклучно со месец октомври во тековната година непрекинато работел во Општина Штип.

### Член 4

Јубилејната награда се доделува во вид на **парични средства** врз основа на месечна просечна плата остварена во стопанството на Република Македонија и тоа:

- За 10 години непрекината работа - 10% од месечна просечна плата остварена во стопанството
- За 20 години непрекината работа - 15% од месечна просечна плата остварена во стопанството
- За 30 години непрекината работа - 20% од месечна просечна плата остварена во стопанството
- За 40 години непрекината работа - 25% од месечна просечна плата остварена во стопанството.

Член 5

Јубилејната награда се доделува со решение кое го донесува градоначалникот на Општина Штип.

Член 6

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 09-5593/1 | Општина Штип |
| 01.07.2015 година | Градоначалник |
| Ш т и п | прим. м-р Илчо Захариев, с. р. |